Акционерско друштво во државна сопственост
за вршење на дејноста давање услуги во
воздухопловната навигација

Shoqëri aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e
veprimtarisë  dhënie të shërbimeve të navigacionit ajror

„М-НАВ“ А.Д. - СКОПЈЕ

# Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период април – јуни 2022 година

Август, 2022 година

“Босфор“ Бр. 7, Мралино, Илинден
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3148100   Факс: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk

“Bosfor“ Nr. 7,Mralino, Ilinden
Republika e Maqedonisë  së Veriut
Tel: +389 2 3148100   Fax: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk

## Содржина

1. Резиме на активностите на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за второто тримесечје од 2022 година....................................................................................................3

2. Анализа на планирани и реализирани приходи и расходи на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за второто тримесечје од 2022 година.......................................................8

3. Анализа на реализирани приходи и расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за второто тримесечје од 2022 година во споредба со истиот период од 2021 година....................................................................................................................12

4. Информација за финансиското работење на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за второто тримесечје од 2022 година........................................................................19

# 1 *РЕЗИМЕ НА АКТИВНОСТИТЕ НА „М-НАВ“ А.Д. - СКОПЈЕ ЗА ВТОРОТО ТРИМЕСЕЧЈЕ ОД 2022 ГОДИНА*

- Второто тримесечје од 2022 година, сеуште следејќи го позитивното сценарио на Eurocontrol, повторно бележи пораст во однос на истите месеци од 2019 година. Мошне значајно е да истакнеме дека месеците мај и јуни 2022 година, се со зголемен процент на остварени прелети во однос на соодветните месеци од 2019 година и тоа, месец мај за 6,8% повеќе и месец јуни за 6,7% повеќе. Овој позитивен и значаен раст на сообраќајот, ја врои „М-НАВ“ А.Д. – Скопје меѓу малкуте европски држави кои по нормализирањето на состојбата со пандемијата бележат пораст во однос на 2019 година. Состојбата која беше предизвикана од вирусот Covid-19, сеуште будно се следи, но поучени од претходните предизвици во АТМ доменот, зајакнувајќи ја нашата отпорност, спремни сме да одговориме на сите непредвидени состојби.

- За надминување на тешката финансиска состојба на Друштвото предизвикана од пандемијата со Covid-19 и во согласност со Заклучокот од Извадокот од Нацрт Записникот од 92-та седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 27 јули 2021 година (бр.40-7580/1), точка 2 каде Владата го разгледа и усвои барањето на согласност за рефинансирање и затварање на тековниот Договор за заем (Опр.44067), склучен со ЕБОР на 24.09.2013 година за финансирање на “Проектот за модернизација на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје/ Надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација”- без државна гаранција на износ од 11.150.000,00 еур со средства обезбедени со склучување на два нови договора: нов Договор за заем со ЕБОР во вкупен износ од 10.000.000,00 еур и нов Договор за заем со локална банка во вкупен износ од 5.000.000,00 еур - истите без државна гаранција, „М-НАВ“ А.Д. - Скопје и во референтниот период ги продолжи и воедно финализира преговорите со ЕБОР за склучување на нов Договор за заем со кој ќе се обезбеди непречено продолжување на реализацијата на планираните капитални проекти планирани во Договорот за заем склучен со ЕБОР (Опр.44067), и со локална банка, односно со Комерцијална банка А.Д. Скопје како најповолна понуда од локална банка, за склучување на Договор за заем со кој Друштвото ќе обезбеди финансиски средства со кои ќе се рефинансира, т.е. целосно ќе се отплати тековниот Договор за заем склучен со ЕБОР на ден 24.09.2013 година Опр.44067 и остатокот за обртни средства со кои ќе се обезбеди финансиската ликвидност на Друштвото.

- Управниот одбор ги разгледа и прифати добиените конечни текстови на договорите, и тоа: Договорот за одобрување на долгорочен кредит кој треба да се склучи со Комерцијална банка А.Д. Скопје во износ од 5.000.000,00 еур, Договорот за заем кој треба да се склучи со Европска банка за обнова и развој Опр.53184 во износ од 9.770.000,00 еур и Intercreditor and Account Bank Agreement – тристран договор кој треба да се склучи со Европската банка за обнова и развој и Комерцијална Банка А.Д. Скопје со кој се регулираат правата, обврските, побарувањата и начинот на располагање со средствата од посебната наменска сметка во Комерцијална банка А.Д. Скопје за целите на Договорот за заем со

ЕБОР - Опр.бр.53184. Двата договора за заем - кредит ќе бидат без државна гаранција, а нивното склучување треба да се реализира паралелно и во координација помеѓу двете банки: ЕБОР и Комерцијална банка А.Д. Скопје. Во тек е постапката за нивно склучување, т.е. потпишување.

- Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација по Договорот за задолжување со ЕБОР од 24.09.2013 година, во ова тримесечје продолжи со активности во сите проектни компоненти. Реализацијата на компонентата за набавка на нов АТМ систем продолжи со реализација, при што заврши обуката на оперативниот персонал на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје и започна реализацијата на Factory Acceptance Test (FAT). FAT (Factory Acceptance Test), за новиот АТМ систем, се изведе во просториите на Leonardo, во период од 06.06.2022 година до 08.07.2022 година на која учествуваа експерти од „М-НАВ“ А.Д. - Скопје придружувани од колеги експерти од Eurocontrol, за надзорирање на тестовите за оние функционалности за кои имаа огромно искуство и знаење. Беа извршени 1337 тестови, преку кои детално се проверуваа сите однапред зададаени функционалности со кои располага системот. Од спроведените тестови 96,26% беа успешно извршени, а малиот процент на тестови кои не ја задоволуваат оценката за успешнот ќе бидат повторени пред отпочнување на постапката за пакување и испорака на новиот систем кон Република Северна Македонија.

- Во однос на изградбата на техничко-оперативната сала, беа одржани повеќе состаноци помеѓу УО на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје и претставници на Leonardo со цел надминување на разликите во поглед на дополнителните трошоци за реализација на новата техничко оперативна сала.

- Проектот за набавка на нов VCS систем по добивањето No objection од страна на ЕБОР за евалуациониот извештај за втората фаза од тендерската постапка и потпишувањето на договор со најповолниот понудувач, Rohde&Schwarz, започна со реализација. Предвидено е истата да заврши во второто тримесечје од 2023 година.

- Проектот за набавка на Mode-S радар е во втората фаза од тендерската постапка, односно во тек е изработка на финалниот евалуационен извештај.

- Проектот за набавка на нов VHF систем е во финална фаза на реализација. Инсталацијата на опремата на локацијата во Скопје е завршена и извршено е тестирање на истата, додека финална инсталација и тестирање на локацијата Солунска глава е предвидено да се реализира во текот на месец септември, со цел да се минимизира импактот на самата транзиција на новиот VHF систем, во давањето на услуги кон корисниците во текот на летните месеци.

- Во однос на подготовката за имплементација на новата регулатива ЕУ регулативата 2017/373, која по донесувањето на Уредбата за начинот на давање на услугите на воздухопловна навигација, како и посебните услови во однос на потребниот персонал, опремата и другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење, изминатото

тримесечје, „М-НАВ“ А.Д. - Скопје зеадно со АЦВ оствари директна соработка со пријателска Република Грузија, чиј тим ќе помогне и ќе го сподели своето искуство при имплементација на ЕУ регулативата 2017/373. По остварени неколку состаноци со колегите од Грузија, експертите во „М-НАВ“ А.Д. - Скопје преземаа подготвителни чекори преку спроведување анализа на сите одредби од новата регулатива, како и колкав импакт ќе имаат на сегашниот начин на работење спроти постоечката регулатива. Сите членови од тимот за имплементација на новата регулатива добија соодветни насоки, со цел ефикасно да се пристапки кон транзиција на работењето по новата регулатива, притоа запазувајки ги сите принципи за ревидирање на постоечката документација. Земајќи го во предвид  поставениот рок - март 2024 година, за усогласеност на сите процеси и документација со новата регулатива, „М-НАВ“ А.Д. - Скопје темелно и постепено ги спроведува своите активности за да се запази поставениот рок.

- Во Извештајното тримесечје беа спроведени низа активности кои беа во насока на ревизија на постоечкиот PBN Implementation plan, кој заедно со АЦВ и определената работна група излегоа со квалитетен предлог кој ќе се користи за имплементација на PBN.

- Во текот на месец јуни, беше донесен Акционен план за регрутација и селекција на кандидати за контролори на летање, 8 студенти КЛ за ADI/TWR овластување, со кои ќе се обезбеди ефикасно обезбедување на процесите при селекција на контролори на летање во „М-НАВ“ А.Д. - Скопје, при што ќе се земат предвид потребите на Друштвото, важечките законски и подзаконски акти, интерните правилници на Друштвото, како и најдобрата досегашна пракса.

- Како еден од позначајните настани во извештајното тримесечје ќе ја спомeнеме спроведената NATO мултинационална вежба, во која „М-НАВ“ А.Д. - Скопје имаше значајна улога. За организација на вежбата се одржаа повеќе коррдинативни состаноци со претставници од Министерство за Одбрана, Министерство за Внатрешни работи, Министерство за Надворешни работи, Министерство за Транспорт и врски, Царинска управа, „М-НАВ“ А.Д. - Скопје, АЕК, АЦВ и претставници од Центарот за гранично управување на РСМ, на кои се дефинираа постапки, процедури и се споделуваа информации поврзани со вежбата Swift Response. Вежбата се одржа во период од 26.04 до 26.05.2022 година, а учествуваа околу 4.600 припадници од осум НАТО земји и тоа: Северна Македонија, САД, Обединетото Кралство, Италија, Франција, Црна Гора, Албанија и Грција.
  Вежбата беше од особено значење за нашата Армија и „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во однос на споделување на знаења, способности, координативни вештини, зголемување на интероперабилноста со вооружените сили на сојузничките земји, усогласување на техниките и процедурите со сојузниците, заедничко дејствување во изведување на овој вид на операции.
  Во извежбувањето на армискиот полигон „Криволак“ беа вклучени голем број на воздухоплови од различен тип, односно борбени и транспортни авиони и хеликоптери, и беа изведени над 700 падобрански скокови. Деталните постапки и оперативни насоки кои беа споделени со персоналот на контролата на летање, овозможија беспрекорно,

безбедно и на високо професионално ниво да бидат спроведени сите активности. Воздухопловните вежбовни активности се одвиваа на повеќе локации: Меѓународен Аеродром Скопје, Меѓународен Аеродром Охрид, Касарна Петровец, Чојлија, АП Криволак, ЦО Пепеплиште, Стенковец, итн.

- Во текот на изминатото тримесечје, менаџерскиот тим следејќи ги анализите и проекциите за остврени приходи и расходи на Друштвото, во координација со репрезентативните синдикати во „М-НАВ“ А.Д. - Скопје, по повеќе одржани состаноци, дојдоа до заедничко решение за надминување на финансиските потешкотии со кои се соочи „М-НАВ“ А.Д. - Скопје изминатиот пандемиски период, и се донесе одлука за постепено враќање на заостанатиот дел од плата на своите вработени. Паралелно со овој позитивен тренд, УО на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје заедно со претставници од сите репрезентативни синдикати во „М-НАВ“ А.Д. - Скопје, пристапи кон ревизија на постоечкиот Правилник за систематизација на работни места на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје, со цел оптимизација на работните места за зголемување на ефикасноста на работењето на Друштвото.

- Како координатори на Цивилно Воениот комитет беа иницирани неколку состаноци на кои се презентираа активностите за воените вежби и потребите за користење на воздушниот простор во рамки на веќе дефинирани зони како и нови привремени зони. Иницијално беше претставен на разгледување и документот за усогласување на работата на ЦВК со препораките од Eurocontol. Истиот е во план да се усогласи и усвои во иднина.

- Според статистиките на Централното биро за наплата (Central Route Charging Office - CRCO) на Eurocontrol за реализираните наплатни единици од прелетите во 2022 година, Република Северна Македонија во второто тримесечје од 2022 година бележи зголемување од 181,6% во однос на истиот период во 2021 година, односно 33% во однос на планиранот сообраќај за второто тримесечје од 2022 година.

- Во текот на второто тримесечје во 2022 година се опслужени вкупно 69.950 летови од кои 64.921 прелети и 5.029 полетувања и слетувања на аеродромите во Скопје и Охрид.

- Бројот на прелетите во воздушниот простор на РСМ во второто тримесечје од 2022 година е зголемен за 182,7%, додека бројот на операциите на аеродромите во Скопје и Охрид е зголемен за 53,3% во однос на истиот период од 2021 година.

- Табела од Централното Биро на Eurocontrol за реализирани наплатни единици од прелетите над Република Северна Македонија во периодот од 01.01 до 30.06.2022 година:

| Charge area : | LW |
|---|---|

| Month | | 2022 Actual | 2022 Unit Rate Basis | 2021 Actual | 2020 Actual | 2019 Actual | % 2022 A / 2022 F | % 2022 A / 2019 A | % 2021 A / 2019 A |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | (1) | (2) | (3) | (4) | (5) | (1)/(2) | (1)/(5) | (3)/(5) |
| 1 | January | **17,786** | *14,436* | 8,338 | 22,672 | 17,708 | 23.2% | 0.4% | -52.9% |
| 2 | February | **15,376** | *13,564* | 6,852 | 20,493 | 16,639 | 13.4% | -7.6% | -58.8% |
| 3 | March | **23,176** | *15,679* | 9,087 | 14,355 | 19,233 | 47.8% | 20.5% | -52.8% |
| 4 | April | **32,321** | *23,174* | 9,845 | 3,678 | 28,427 | 39.5% | 13.7% | -65.4% |
| 5 | May | **43,206** | *32,979* | 12,454 | 4,181 | 40,456 | 31.0% | 6.8% | -69.2% |
| 6 | June | **49,050** | *37,480* | 21,943 | 5,417 | 45,978 | 30.9% | 6.7% | -52.3% |
| 7 | July | | *41,208* | 38,450 | 17,682 | 50,551 | | | -23.9% |
| 8 | August | | *41,263* | 45,991 | 25,368 | 50,618 | | | -9.1% |
| 9 | September | | *36,960* | 40,390 | 21,879 | 45,339 | | | -10.9% |
| 10 | October | | *30,957* | 40,568 | 19,010 | 37,975 | | | 6.8% |
| 11 | November | | *16,798* | 21,639 | 9,596 | 20,607 | | | 5.0% |
| 12 | December | | *17,502* | 19,771 | 9,849 | 21,469 | | | -7.9% |
| **TOTAL** | | **180,914** | **322,000** | 275,328 | 174,181 | 395,000 | **31.8%** | **7.4%** | -30.3% |

Со почит,

**Претседател на Управен одбор**
**Kryetar i Këshillit Drejtues**
**Fahrudin Hamidi**

# 2 АНАЛИЗА НА ПЛАНИРАНИ И РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ НА „М-НАВ“ А.Д. – СКОПЈЕ ЗА ВТОРОТО ТРИМЕСЕЧЈЕ ОД 2022 ГОДИНА

## 2.1 Анализа на планирани и реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за второто тримесечје од 2022 година

Како што може да се види од табелата 2.1 подолу, во второто тримесечје од 2022 година „М-НАВ“ А.Д. - Скопје реализира за 38,62% повеќе приходи во однос на планираните за извештајниот период и тоа:

- 40,27% повеќе реализирани приходи од прелети на воздухоплови;
- 28,60% повеќе реализирани приходи од терминалните услуги на воздухопловна навигација;
- 0,87% повеќе реализирани останати приходи.




**Табела 2.1: Планирани и реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за второто тримесечје од 2022 година**[1]

| ***Вид на приходи*** | ***Планирани приходи 01.04 - 30.06.2022*** | ***Реализирани приходи 01.04 - 30.06.2022*** | ***индекс*** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Прелети на воздухоплови** | 243.682.153,27 | 341.807.220,27 | 140,27 |
| | | | |
| **Терминални услуги** | 28.841.879,84 | 37.091.097,72 | 128,60 |
| | | | |
| **Останати приходи** | 3.000.000,00 | 3.026.130,47 | 100,87 |
| | | | |
| ***Вкупно приходи (МКД):*** | ***275.524.033,11*** | ***381.924.448,46*** | ***138,62*** |

[1] Извор: Годишен финансиски план на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за 2022 година; Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.04-30.06.2022 година (со датум од 29.07.2022 година).

Во второто тримесечје од 2022 година, со намалување на влијанието на Омикрон варијантата дојде и до закрепнување на состојбата во авиосообраќајот и пораст на вкупниот број на летови во воздушниот простор на РСМ. Нивото на сообраќајот веќе започна да го достигнува предпандемиското ниво од 2019 година, но за жал сега се соочуваме со уште една непредвидена криза предизвикана од руската инвазија на Украина, со времетраење и интензитет сеуште непознат.

Состојбата со сообраќајот во 2022 година опширно е образложена во Точка 1 – Анализа на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија како составен дел на Тримесечниот извештај за работата на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период април – јуни 2022 година.

### *2.1.1 Графички приказ на планирани и реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за второто тримесечје од 2022 година*



## 2.2 Анализа на планирани и реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за второто тримесечје од 2022 година

**Табела 2.2: Планирани и реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за второто тримесечје од 2022 година[2]**

| *Вид на расходи* | *Планирани расходи 01.04-30.06.2022* | *Реализирани расходи 01.04-30.06.2022* | *индекс* |
|---|---|---|---|
| ***Вкупно трошоци за вработените*** | **193.598.480,50** | **210.136.683,00** | **108,54** |
| Бруто плати | 192.848.480,50 | 209.337.934,00 | 108,55 |
| Други трошоци за вработените | 750.000,00 | 798.749,00 | 106,50 |
| | | | |
| ***Вкупно материјални трошоци*** | **16.930.000,00** | **13.209.475,40** | **78,02** |
| Трошоци за суровини и материјали | 1.050.000,00 | 250.086,00 | 23,82 |
| Трошоци за резервни делови | 2.500.000,00 | 66.467,50 | 2,66 |
| Потрошена енергија | 4.200.000,00 | 6.472.164,24 | 154,10 |
| Транспортни услуги | 910.000,00 | 275.215,83 | 30,24 |
| Поштенски, телефонски услуги и интернет | 4.260.000,00 | 3.815.433,97 | 89,56 |
| Трошоци за одржување | 3.510.000,00 | 2.277.007,86 | 64,87 |
| Дополнително утврдени трошоци минати години | 500.000,00 | 53.100,00 | 10,62 |
| | | | |
| ***Вкупно нематеријални трошоци*** | **34.803.200,00** | **14.345.538,82** | **41,22** |
| Закуп на канцелариски простор | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Останати услуги | 199.000,00 | 234.297,00 | 117,74 |
| Дневници за сл.пат и патни трошоци | 5.400.000,00 | 2.457.609,44 | 45,51 |
| Трошоци за репрезентација | 600.000,00 | 754.988,13 | 125,83 |
| Премии за осигурување | 8.898.000,00 | 8.726.541,00 | 98,07 |
| Членарини во меѓународни организации и друго | 406.200,00 | 18.774,00 | 4,62 |
| Останати нематеријални трошоци | 19.300.000,00 | 2.153.329,25 | 11,16 |
| | | | |
| ***Амортизација*** | **11.250.000,00** | **11.250.000,00** | **100,00** |
| | | | |
| ***Останати трошоци од работењето*** | **0,00** | **0,00** | **0,00** |
| | | | |
| ***Вкупно финансиски трошоци*** | **2.900.000,00** | **1.916.329,13** | **66,08** |
| Банкарски трошоци | 600.000,00 | 256.193,78 | 42,70 |
| Камати по банкарски кредити | 2.300.000,00 | 1.660.135,35 | 72,18 |
| ***Вкупно расходи (МКД):*** | ***259.481.680,50*** | ***250.858.026,35*** | ***96,68*** |

[2] Извор: Финансиски план за измена на Годишен финансиски план на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за 2022 година; Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.04-30.06.2022 година (со датум од 29.07.2022 година).

*2.2.1 Графички приказ на планирани и реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за второто тримесечје од 2022 година*




Како што може да се види од табелата 2.2 погоре, во второто тримесечје од 2022 година „М-НАВ“ А.Д. - Скопје реализира за 3,32% помалку расходи во однос на планираните за извештајниот период, освен за:

- Ставката – бруто плати за вработените, реализирани се повеќе средства од планираните за 8,55% пред се заради донесената одлука на УО на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје број 02-500/4 од 15.04.2022 година со која е утврдена динамика за враќање на задржаните средства од платите на работниците за 2020, 2021 и 2022 година. Одлуката е донесена како резултат на порастот на сообраќајот во воздушниот простор на РСМ за второто тримесечје кој ги надмина планираните проекции, проекциите на готовинскиот тек на парични средства на Друштвото и извештаите и информациите на Eurocontrol за подобрување на сообраќајот, како и домаќинското работење и сведување на минимум на сите трошоци на Друштвото со политика на максимално штедење и ефикасност во спроведување на зацртаните цели до целосно финансиско стабилизирање;
- Ставката – други трошоци за вработените, реализирани се повеќе средства од планираните заради исплатени средства за помош при смрт на член од семејство на 1 (еден) вработен, помош за вработени, задолжителни лекарски прегледи за контролорите, останати надоместоци за вработени, како и трошоци за испити[3];
- Ставката – потрошена енергија, реализирани се повеќе средства од планираните како резултат на извршено плаќање на фактури за електрична енергија од Министерството за одбрана за изминат период (февруари и март 2022 година), пристигнати со задоцнување, како и заради зголемената цена на електричната енергија во 2022 година;

[3] Овие трошоци се исплатени во согласност со одредбите од Колективниот договор на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје.

- Ставката - останати услуги[4], покажува зголемување во процентни поени, во однос на намалениот износ на планирани трошоци за оваа ставка во Финансискиот план за измена на Годишниот финансиски план на Друштвото;
- Ставката – трошоци за репрезентација, реализирани се повеќе средства во однос на намалениот износ на панирани трошоци за оваа ставка во Финансискиот план за измена на Годишниот финансиски план на Друштвото за трошоците за услуги поврзани со деловните состаноци околу инвестиционите активности и проекти;
- Амортизацијата е пресметана согласно сметководствената политика на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ).

Како што може да се види од горенаведената табела, останатите реализирани трошоци на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во второто тримесечје од 2022 година се во рамките на вкупно планираните, иако кај некои се забележува значително отстапување од планираното.

Согласно горенаведената анализа, во второто тримесечје од 2022 година реализирани се поголеми приходи од расходи (сметководствена добивка) во износ од 131.066.422,11 денари.

# 3 Анализа на реализирани приходи и расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за второто тримесечје од 2022 година во споредба со истиот период од 2021 година

## 3.1 Анализа на реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за второто тримесечје од 2022 година во споредба со истиот период од 2021 година

Како што може да се види од Табелата 3.1 подолу, реализираните вкупни приходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје во второто тримесечје од 2022 година во споредба со истиот период од 2021 година се зголемени за 174,97% и тоа: приходите од прелети се зголемени за 199,81%, приходите од терминални услуги бележат зголемување од 82,64%, додека останатите приходи бележат намалување од 33,99%.




[4] Тука влегуваат трошоците за регистрација на службени возила, огласи во весници за објавување на јавни набавки, како и трошоци за дератизација на просториите на Друштвото.

Секако и тука ќе споменеме дека реализираните приходи во второто тримесечје од 2022 година во однос на истиот период од 2021 година беа значително зголемени за повеќе процентни поени како резултат на зголемениот обем на воздушен сообраќај. Тоа се должи на намаленото влијание на Covid-19, укинувањето на рестрикциите од страна на државите и зголемениот интерес за патување што резултираше со драстично зголемување и на приходите од услуги.

**Табела 3.1: Реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за второто тримесечје од 2022 година во споредба со истиот период од 2021 година[5]**

| *Вид на приходи* | *Реализирани приходи 01.04 - 30.06.2022* | *Реализирани приходи 01.04 - 30.06.2021* | *индекс* |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Прелети на воздухоплови** | 341.807.220,27 | 114.006.492,77 | 299,81 |
| | | | |
| **Терминални услуги** | 37.091.097,72 | 20.307.890,40 | 182,64 |
| | | | |
| **Останати приходи** | 3.026.130,47 | 4.584.086,30 | 66,01 |
| | | | |
| ***Вкупно приходи (МКД):*** | ***275.524.033,11*** | ***138.898.469,47*** | ***274,97*** |

### *3.1.1 Графички приказ на реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за второто тримесечје од 2022 година во споредба со истиот период од 2021 година*




---

[5] Извор: Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.04-30.06.2022 година (со датум од 29.07.2022 година); Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период април – јуни 2021 година.

## 3.2 Анализа на реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за второто тримесечје од 2022 година во споредба со истиот период од 2021 година

**Табела 3.2: Реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за второто тримесечје од 2022 година во споредба со истиот период од 2021 година[6]**

| *Вид на расходи* | *Реализирани расходи 01.04-30.06.2022* | *Реализирани расходи 01.04-30.06.2021* | *индекс* |
|---|---|---|---|
| ***Вкупно трошоци за вработените*** | **210.136.683,00** | **134.046.329,00** | **156,76** |
| Бруто плати | 209.337.934,00 | 131.958.725,00 | 158,64 |
| Други трошоци за вработените | 798.749,00 | 2.087.604,00 | 38,26 |
| | | | |
| ***Вкупно материјални трошоци*** | **13.209.475,40** | **8.496.792,02** | **155,46** |
| Трошоци за суровини и материјали | 250.086,00 | 164.352,00 | 152,16 |
| Трошоци за резервни делови | 66.467,50 | 74.175,00 | 89,61 |
| Потрошена енергија | 6.472.164,24 | 2.304.529,00 | 280,85 |
| Транспортни услуги | 275.215,83 | 290.276,00 | 94,81 |
| Поштенски, телефонски услуги и интернет | 3.815.433,97 | 4.109.518,02 | 92,84 |
| Трошоци за одржување | 2.277.007,86 | 1.087.384,00 | 209,40 |
| Дополнително утврдени трошоци минати години | 53.100,00 | 466.558,00 | 11,38 |
| | | | |
| ***Вкупно нематеријални трошоци*** | **14.345.538,82** | **16.662.742,01** | **86,09** |
| Закуп на канцелариски простор | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Останати услуги | 234.297,00 | 62.409,00 | 375,42 |
| Дневници за сл.пат и патни трошоци | 2.457.609,44 | 240.993,00 | 1.019,78 |
| Трошоци за репрезентација | 754.988,13 | 168.271,00 | 448,67 |
| Премии за осигурување | 8.726.541,00 | 8.520.420,00 | 102,42 |
| Членарини во меѓународни организации и друго | 18.774,00 | 1.561.303,61 | 1,20 |
| Останати нематеријални трошоци | 2.153.329,25 | 6.109.345,40 | 35,25 |
| | | | |
| ***Амортизација*** | **11.250.000,00** | **14.625.000,00** | **76,92** |
| | | | |
| ***Останати трошоци од работењето*** | **0,00** | **99.698,50** | **0,00** |
| | | | |
| ***Вкупно финансиски трошоци*** | **1.916.329,13** | **2.366.391,96** | **80,98** |
| Банкарски трошоци | 256.193,78 | 120.428,87 | 212,73 |
| Камати по банкарски кредити | 1.660.135,35 | 2.245.963,09 | 73,92 |
| ***Вкупно расходи (МКД):*** | ***250.858.026,35*** | ***176.296.953,49*** | ***142,29*** |

[6] Извор: Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.04-30.06.2022 година (со датум од 29.07.2022 година); Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период април-јуни 2021 година.

### 3.2.1 *Графички приказ на реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за второто тримесечје од 2022 година во споредба со истиот период од 2021 година*




Како што може да се види од Табелата 3.2 погоре, реализираните вкупни трошоци на Друштвото во второто тримесечје од 2022 година се зголемени за 42,29% во споредба со истиот период од 2021 година, при што:

- Ставката - бруто плати за вработените е зголемена во однос на 2021 година пред се заради донесената одлука на УО на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје број 02-500/4 од 15.04.2022 година со која е утврдена динамика за враќање на задржаните средства од платите на работниците за годините 2020, 2021 и 2022. Одлуката е донесена како резултат на порастот на сообраќајот во воздушниот простор на РСМ за второто тримесечје кој ги надмина планираните проекции, проекциите на готовинскиот тек на парични средства на Друштвото и извештаите и информациите на Eurocontrol за подобрување на сообраќајот, како и домаќинското работење и сведување на минимум на сите трошоци на Друштвото со политика на максимално штедење и ефикасност во спроведување на зацртаните цели до целосно финансиско стабилизирање. Треба да се има предвид фактот дека во 2021 година сеуште беа на сила антикризните мерки за надминување на лошата финансиска состојба на Друштвото, предизвикана со пандемијата од Covid-19;
- Ставката – други трошоци за вработените во која влегуваат трошоци за исплата на помош за смрт на член во семејство, помош на вработени, надомест за одвоен живот, задолжителни лекарски прегледи на контролорите, трошоци за испити, како и останати надоместоци за вработените, што се исплаќаат согласно Колективниот договор на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје, се намалени во однос на 2021 година и детално прикажани подолу:

**Табела 3.3: Реализирани други трошоци за вработените на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за второто тримесечје од 2022 година во споредба со истиот период од 2021 година[7]**

| *Други трошоци за вработените* | *01.04-30.06.2022* | *01.04-30.06.2021* |
|---|---|---|
| | | |
| Помош за смрт на член од семејство | 111.544,00 | 956.876,00 |
| Помош на вработени | 174.606,00 | 178.603,00 |
| Надомест одвоен живот | 0,00 | 43.151,00 |
| Задолжителни лекарски прегледи на контролори | 373.094,00 | 882.300,00 |
| Трошоци за испити | 59.115,00 | 26.674,00 |
| Останати надоместоци за вработени | 80.390,00 | 0,00 |
| ***Вкупно (МКД):*** | ***798.749,00*** | ***2.087.604,00*** |

- Ставката – трошоци за суровини и материјали е зголемена како резултат на зголемена потрошувачка на канцелариски материјали, останати материјални трошоци, како и трошоци за одржување на зеленилото, при што истите се во согласност со планираните трошоци за 2022 година;
- Ставката – трошоци за енергија е зголемена во однос на 2021 година како резултат на извршено плаќање на фактури за електрична енергија од Министерството за одбрана за изминат период (февруари и март 2022 година), пристигнати со задоцнување, како и заради зголемената цена на електричната енергија во 2022 година;
- Ставката – трошоци за одржување е зголемена како резултат на повеќе потрошени средства за тековно одржување на опремата (600.000,00 денари за одржување на компресор на клима уреди, 328.530,00 денари за набавка на аку-батерии и останати трошоци со помали износи), одржување на хигиена, како и одржување на моторни возила, но истите се во согласност со планираните трошоци за 2022 година;
- Ставката – останати услуги во 2022 се зголемени во споредба со 2021 година и детално прикажани подолу:

**Табела 3.4: Реализирани останати услуги на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за второто тримесечје од 2022 година во споредба со истиот период од 2021 година[8]**

| *Останати услуги* | *01.04-30.06.2022* | *01.04-30.06.2021* |
|---|---|---|
| | | |
| Регистрација на возила | 15.690,00 | 12.185,00 |
| Огласи во дневни весници | 182.369,00 | 50.224,00 |
| Останати услуги-дератизација | 36.238,00 | 0,00 |
| ***Вкупно (МКД):*** | ***234.297,00*** | ***62.409,00*** |

- Ставката – дневници за службен пат и патни трошоци се зголемени во споредба со 2021 година во најголем дел за трошоците за ноќевање и

[7] Извор: Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.04-30.06.2022 година (со датум од 29.07.2022 година); Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период април-јуни 2021 година.
[8] Извор: Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.04-30.06.2022 година (со датум од 29.07.2022 година); Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период април-јуни 2021 година.

дневници за службени патувања во странство, како резултат на интензивирани инвестициони активности, но истите се во рамки на планираните трошоци за 2022 година. Како резултат на сите ограничувања за патувања што беа донесени во 2021 година, заради пандемијата со Covid-19, службените патувања во странство беа сведени на минимум;

- Ставката – трошоци за репрезентација се зголемени во споредба со 2021 година во најголем дел за трошоците за услуги поврзани со деловни состаноци околу инвестиционите активности и проекти;
- Ставката – премии за осигурување е зголемена како резултат на потставката осигурување од дејност за 2022 година во износ од 8.616.667,00 денари (2.200.000,00 денари за осигурување од дејност за период април-јуни 2022 година и 6.416.667,00 денари за период јули-декември 2022 година согласно новиот договор), но истите се во согласност со планираните трошоци за 2022 година;
- Ставката – останати нематеријални трошоци во 2022 година се намалени во споредба со 2021 година и детално прикажани подолу:

**Табела 3.4: Реализирани останати нематеријални трошоци на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за второто тримесечје од 2022 година во споредба со истиот период од 2021 година[9]**

| ***Останати нематеријални трошоци*** | ***01.04-30.06.2022*** | ***01.04-30.06.2021*** |
|---|---|---|
| | | |
| **Наемнина за недвижности** | **223.637,00** | **16.020,00** |
| - Закуп за антена на Црн Врв | 207.609,00 | 16.020,00 |
| - Закуп на деловен простор[10] | 16.028,00 | 0,00 |
| Надомест надзорен одбор | 104.780,00 | 106.665,00 |
| Авторски хонорари[11] | 167.004,00 | 469.269,00 |
| **Семинари и советувања** | ***143.100,00*** | ***284.700,00*** |
| - Останати курсеви и обуки за вработените | 143.100,00 | 284.700,00 |
| Ревизија на финансиски извештаи[12] | 600.000,00 | 600.000,00 |
| Адвокатски услуги[13] | 237.011,00 | 28.062,00 |
| Одржување на софтвер | 22.506,00 | 20.460,00 |
| **Останати интелектуални услуги** | ***490.047,25*** | ***1.121.033,75*** |
| - Трошоци за провизија на Eurocontrol[14] | 231.356,25 | 230.604,75 |
| - Годишен надомест од ЦДХВ[15] | 146.358,00 | 128.299,00 |
| - Изработка на проектна документација[16] | 55.000,00 | 60.000,00 |
| - Агенциска провизија[17] | 29.703,00 | 0,00 |
| - Електронска база на податоци | 27.330,00 | 0,00 |

[9] Извор: Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.04-30.06.2022 година (со датум од 29.07.2022 година); Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период април-јуни 2021 година.
[10] Согласно Договор со ТАВ Македонија за изнајмување на деловен простор на Меѓународниот аеродром Скопје.
[11] Согласно Договори за дело на 3 вработени во 2022 година, а 5 вработени во 2021 година.
[12] По спроведената тендерска постапка, во 2021 склучен е нов Договор за набавка на услуга – ревизија на финансиски извештаи, на 2 години со Гранд Торнтон Скопје.
[13] Согласно Договори со Адвокат Мефаиљ Арслани, Адвокат Зекир Зекири и Адвокат Албин Беџети, додека во 2021 година имало склучено договори со Адвокат Мефаиљ Арслани и адвокат Зекир Зекири.
[14] По Договор за вршење на услуги за наплата на АТС услуги од авиокомпании.
[15] Годишен надомест за водење на акции.
[16] Согласно Договор со ГЕИНГ Доо Скопје за изработка на техничка документација - кабелски приклучок на објект радарска станица Бањски Рид на дистрибутивна мрежа на ЕВН Македонија, додека во 2021 година согласно Договор со Друштвото ВАДЕМ 1.83 ДООЕЛ Скопје за измена на основен проект за адаптација на гаражен простор.
[17] Исплатена на Агенција за недвижности NEW WAY Ltd. за извршена услуга - посредување при изнајмување на деловен простор во општина Центар за потребите на Друштвото.

| | | |
|---|---|---|
| - Превод на документи<br>- Брокерски услуги[18]<br>- Годишен надомест на Државен архив на РСМ<br>- Сертификација по ISO стандард | 300,00<br>0,00<br>0,00<br><br>0,00 | 12.750,00<br>500.000,00<br>128.480,00<br><br>60.900,00 |
| Стручни списанија и весници[19] | 38.702,00 | 7.992,00 |
| Трошоци за сертификација и лиценци од АЦВ | 66.284,00 | 3.274.546,65 |
| **Други нематеријални трошоци** | ***60.258,00*** | ***180.597,00*** |
| - Изработка на идентификациони картички[20]<br>- Архивирање на документи[21]<br>- Други нематеријални трошоци[22] | 16.731,00<br>26.692,00<br>16.835,00 | 79.567,00<br>67.297,00<br>33.733,00 |
| ***Вкупно (МКД):*** | ***2.153.329,25*** | ***6.109.345,40*** |

- Ставката – банкарски трошоци е зголемена како резултат на потставката банкарски услуги во земјата[23]. Таа покажува зголемување во процентни поени, но не предизвикува финансиски импликации на Друштвото и истата е во согласност со планираните трошоци за 2022 година.

[18] Согласно Договор со Друштвото СН Осигурителен брокер АД Битола склучен на 2 години за подготовка на нацрт решение на тендерска документација за осигурување на имот.
[19] Репрезент, Правник, Академик, Коха, Слободен печат.
[20] Идентификациони картички за пристап на вработени од „М-НАВ“ А.Д. - Скопје на аеродромска писта и аеродромски простории, сопственост на ТАВ Македонија.
[21] Согласно Договор со фирма INBOX Скопје.
[22] Фотокопирање на документи, изработка на визит карти и сл.
[23] Тука спаѓаат провизиите за банкарско работење.

# 4 Информација за финансиското работење на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за второто тримесечје од 2022 година

„М-НАВ“ А.Д. - Скопје во периодот 01.04-30.06.2022 година своето работење го извршуваше со 301 вработени.

За пресметковниот период трошоците за амортизацијата се дадени пресметковно, во висина од ¼ од вкупно планираната амортизација за 2022 година.

На 30.06.2022 година на сметките на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје го има следното салдо:

| | |
|---|---|
| жиро сметка во Комерцијална банка | 2.253.670,00 денари |
| девизна сметка во Комерцијална банка | 6.004.339,95 ЕУР |

Според принципите на Eurocontrol фактурирањето на реализацијата за тековниот месец се врши во наредниот месец, а наплатата е во месецот што следи (на пр. реализираниот сообраќај за април се фактурира во мај, а наплатата на побарувањата од април пристигнува на сметката на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во јуни). Согласно овој принцип овие побарувања се со рочност од 30-60 дена.

Со состојба на 30.06.2022 година побарувањето од Eurocontrol (за прелети и терминални услуги) е во износ од 161.675.845,20 денари.